Согласно член 126 од Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија“ број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и 251/2022), Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, со седиште на ул.„Цане Кузманоски“ бр.1 Прилеп, со ЕМБС 4071344, застапувана од Генералниот директор Сашко Самарџиоски на ден 27.04.2026 година, ги донесе следните:

**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**
**"Со Пепси на Ибица"**

1. **Организатор на наградната игра:**
   Организатор на наградната игра со име **"Со Пепси на Ибица"** е Прилепска Пиварница АД-Прилеп, со седиште на ул. „Цане Кузманоски“ бр.1 Прилеп, со ЕДБ 4021991109104 и ЕМБС 4071344.

1. **Времетраење на наградната игра:**
   Времетраењето на наградната игра **"Со Пепси на Ибица"** е периодот од **15.06.2026** година (од 00.00 часот - почеток на наградната игра) до **23.08.2026** година (до 24.00 часот - крај на наградната игра).

2. **Место на одржување на наградната игра**:
   Наградната игра се организира и спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

3. **Цел на наградната игра:**
   Наградната игра, Организаторот Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ја прави со цел рекламирање на неговиот производ **„Пепси“.**

4. **Право на учество:**
   Право на учество во наградната игра имаат сите лица постари од 18 години, освен вработените во Прилепска Пиварница АД-Прилеп, маркетинг агенцијата Футура 2/2 Скопје и Тера Комуникејшнс ДООЕЛ Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства.

   Во наградната игра учествуваат следните производи:
   Pepsi 0,5l ПЕТ амбалажа
   Pepsi 1,25 ПЕТ амбалажа
   Pepsi 1,5l ПЕТ амбалажа
   Pepsi 1,75 ПЕТ амбалажа
   Pepsi Zero 0,5l ПЕТ амбалажа
   Pepsi Zero 1,25 ПЕТ амбалажа
   Pepsi Zero 1,5l ПЕТ амбалажа
   Pepsi Zero 1,75l ПЕТ амбалажа
   Pepsi Lime 1,75l ПЕТ амбалажа

5. **Начин за учество во наградната игра:**
За да се учествува во наградната игра потребно е да се купи барем еден од погоре наведените производи на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. **Производите кои ќе учествуваат во наградната игра ќе бидат со посебни промотивни жолти капачиња со код на внатрешната страна.**
За потрошувачот да стане учесник потребно е да го испрати единствениот код кој се наоѓа на внатрешната страна на капачето (под капаче) и тоа или **бесплатно** со внесување на кодот преку **веб страната www.nagradna.pepsi.com.mk** или преку испраќање на **СМС порака на телефонскиот број 145 111** (цената на секоја СМС порака е **5 ден. + ДДВ**), почнувајќи од 15.06.2026 година (00:00 часот) и заклучно со 23.08.2026 година (24:00 часот).
При испраќање на кодот преку веб страната www.nagradna.pepsi.com, неопходно е да се внесат следните податоци на учесникот: име и презиме, адреса за достава на награда и телефонски број.
Еден код од внатрешната страна на капачето од поединечен производ може да биде испратен само еднаш и тоа или преку веб страната www.nagradna.pepsi.com или преку СМС порака.
Секое лице кое ги исполнува условите за да учествува во наградната игра, може да учествува во истата **неограничен број пати.**
Учество во наградната игра со внесување на кодот преку веб страната www.nagradna.pepsi.com.mk, подразбира заинтересираните учесници да имаат пристап до интернет (Internet) со сопствени технички средства.
Секоја злоупотреба од учесниците во наградната игра ќе биде веднаш пријавена од организаторот на наградната игра до надлежните државни органи.
Организаторот на наградната игра го задржува правото да ги одбие сите испратени кодови кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин.

6. **Запознавање на учесниците со правилата на наградната игра:**
Со цел запознавање на потенцијалните учесници, Правилата на наградната игра по добивањето на дозвола од Министерството за финансии ќе бидат објавени јавно на веб страната www.nagradna.pepsi.com пред почетокот на наградната игра. За наградната игра, потенцијалните учесници ќе бидат запознаени и преку телевизиски и радио реклами, преку социјалните медиуми и преку печатени рекламни материјали.

7. **Награден фонд:**
Награди кои ќе бидат доделени во наградната игра **“Со Пепси на Ибица**” во организација на Прилепска Пиварница АД-Прилеп се:

| Р.бр. | опис на награда | количина | единечна цена (без ДДВ) | единечна цена (со ДДВ) | Вкупно без ддв | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Патување на Ибица за двајца со 4 ноќевања во HOTEL ALGARB 4* ALL INC во DOUBLE / TWIN ROOM<br>Термин: 18.09.26-22.09.26<br>Авионски карти Скопје - Ибица - Скопје<br>Трансфер аеродром - хотел - аеродром<br>PARTY EXPIRIENCE - BLACK COFFEE @ HI IBIZA - PAKET** | 1 | 260.400,00 | | | 260.400,00 |
| 2 | **Пепси ранец** | 770 | 520,00 | 613,60 | 400.400,00 | 472.472,00 |
| 3 | **Пепси капа** | 770 | 440,00 | 519,20 | 338.800,00 | 399.784,00 |
| 4 | **Пепси дрес** | 350 | 650,00 | 767,00 | 227.500,00 | 268.450,00 |
| 5 | **Пепси дуксер** | 140 | 1.320,00 | 1.557,60 | 184.800,00 | 218.064.00 |
| | | **2.031** | | | | **Вкупно 1.619.170,00** |

Вкупниот максимален награден фонд на наградната игра **"Со Пепси на Ибица**" изнесува **1.411.900,00 денари без ддв односно 1.619.170,00 денари со пресметан ддв.**

8. **Извлекување на добитници:**
Во наградната игра превидено е да се доделат вкупно 2.031 награди, од кои 2.030 награди преку можност за Инстант добивка и 1 главна награда преку извлекување по случаен избор.

Во периодот од 15.06.2026 (00:00 часот) година до 23.08.2026 (24:00 часот) секој ден и тоа 15.06.2026, 16.06.2026, 17.06.2026, 18.06.2026, 19.06.2026, 20.06.2026, 21.06.2026, 22.06.2026, 23.06.2026, 24.06.2026, 25.06.2026, 26.06.2026, 27.06.2026, 28.06.2026, 29.06.2026, 30.06.2026, 01.07.2026, 02.07.2026, 03.07.2026, 04.07.2026, 05.07.2026, 06.07.2026, 07.07.2026, 08.07.2026, 09.07.2026, 10.07.2026, 11.07.2026, 12.07.2026, 13.07.2026, 14.07.2026, 15.07.2026, 16.07.2026, 17.07.2026, 18.07.2026, 19.07.2026, 20.07.2026, 21.07.2026, 22.07.2026, 23.07.2026, 24.07.2026, 25.07.2026, 26.07.2026, 27.07.2026, 28.07.2026, 29.07.2026, 30.07.2026, 31.07.2026, 01.08.2026, 02.08.2026, 03.08.2026, 04.08.2026, 05.08.2026, 06.08.2026, 07.08.2026, 08.08.2026, 09.08.2026, 10.08.2026, 11.08.2026, 12.08.2026, 13.08.2026, 14.08.2026, 15.08.2026, 16.08.2026, 17.08.2026, 18.08.2026, 19.08.2026, 20.08.2026, 21.08.2026, 22.08.2026, 23.08.2026, има по **29 дневни извлекувања на добитник**, со кои ќе се доделуваат следните дневни (инстант) награди:

- **11 (единаесет) Пепси брендирани капчиња**
- **11 (единаесет) Пепси брендирани ранци**
- **5 (пет) Пепси брендирани дресови**
- **2 (два) Пепси брендирани дуксери**

Извлекувањето на дневните (инстант) награди ќе биде по случаен избор со алгоритам на извлекување и ќе биде спроведено во различни временски интервали секојдневно на датумите наведени во погорниот став, а ќе го извршува ТД ТЕРА КОМУНИКЕЈШНС ДООЕЛ Ул. Беласица бр.2, бр. на локал К3.А.К.04, Скопје, East Gate Mall

Сите недобитни кодови внесени во периодот од 15.06.2026 (00:00 часот) година до 23.08.2026 (24:00 часот), ќе учествуваат во извлекувањето на **главната награда** по случаен избор на **24.08.2026 во 12:00 часот (Патување за Ибица за двајца со вклучени 4 ноќевања во HOTEL ALGARB 4* ALL INC во DOUBLE / TWIN ROOM,за термин: 18.09.26-22.09.26 (4 ноќевања), Авионски карти Скопје - Ибица – Скопје, Траснфер аеродром - хотел - аеродром и PARTY EXPIRIENCE - BLACK COFFEE @ HI IBIZA – PAKET).** Извлекувањето на главната награда се врши по случаен избор од кодовите испратени преку смс и веб со посебно изработен софтвер и а ќе го извршува ТД ТЕРА КОМУНИКЕЈШНС ДООЕЛ Ул. Беласица бр.2, бр. на локал К3.А.К.04, Скопје, East Gate Mall. За главната награда ќе биде извлечен и резервен добитник на кого ќе му биде доделена наградата во случај поради законски пречки или во случаите наведени во правилата за наградната игра наградата да не може да му биде доделена на добитникот.

Резултатите од наградната игра ќе бидат објавувани во рок од три дена од денот на утврдувањето на добитниците на web страната www.nagradna.pepsi.com со објавување на извлечениот код, телефонскиот број на добитникот (без последните две цифри) и наградата која ја добиле.
Добитниците на наградите се согласни, доколку добијат некоја награда, нивниот телефонски број (со скриени две цифри) и наградата која ја добиле, да бидат јавно објавени на веб страницата www.nagradna.pepsi.com .

Извлекувањето на сите награди ќе биде контролирано од страна на жири комисија составена од 3 (три) членови.
Членови на жири комисијата ќе бидат:
- Претставник од Прилепска Пиварница
- Претставник од маркетинг агенцијата Футура 2/2 Скопје и
- Претставник од Тера Комуникејшнс ДООЕЛ Скопје

9. **Доделување на наградите:**
Организаторот на наградната игра ќе ги предаде **дневните** инстант награди на добитниците најдоцна до 30 дена од денот на јавното објавување на добитниците. При превземање на наградите, добитниците се должни да се легитимираат со приложување документ за лична идентификација и доказ дека е корисник на телефонскиот број/корисничкиот профил (од каде е пратен добитниот код) како и да го достави капачето со извлечениот код. Добитниците кои учествувале по пат на СМС порака ќе бидат телефонски контактирани од страна на Организаторот за да остават податоци за достава на наградата. При телефонскиот повик од страна на организаторот, добитникот на наградата одлучува за начинот на примање на дневната награда (лично или преку курирска служба на трошок на организаторот). Вработените кај правното лице

(курирската служба) за достава на брзи пратки ќе извршат увид на документ за лична идентификација на добитникот и добитникот е должен да се потпиши на записник дека ја примил наградата предадена од страна на курирската служба. Доколку добитникот на дневната награда не достави информација за точна адреса и/или телефонски број, или достави нецелосна информација поради која не може да се изврши достава, или од било која друга причина не може да се изврши доставата, е должен сам да ја подигне наградата од седиштето на организаторот Прилепска пиварница АД во рок од 30 дена. По истек на тој рок организаторот нема никаква одговорност и не е должен да ја предаде наградата.

Добитникот на **главната награда**, „Патување за Ибица за двајца" наградата може да ја подигне во маркетинг агенцијата Футура 2/2, ул Орце Николов бр. 63, 1000 Скопје Македонија, со прикажување на потврдата за освоената награда и добитниот код и документ за лична идентификација најдоцна до 14.09.2026 година. Добитникот на главната награда е должен да даде податоци и за сопатник со кој би ја користел наградата и е одговорен за поседување на валидни документи (пасоши) за влез и престој во земјата. Во случај на промена на распоред на авионските летови или откажување на забавата која е дел од главната награда, како настани надвор од контрола на организаторот, Организаторот има право главната награда да ја замени со друго патување со вклучено хотелско сместување и организиран трансфер во вредност како наведената во правилата за наградна игра.

Добитниците немаат можност да ги заменат своите награди за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет.
Доколку добитникот од која било причина не е во можност да ја подигне наградата, може да назначи лице што ќе го стори тоа во негово име, со претходно известување до Организаторот.
Организаторот, после завршувањето на наградната игра на 23.08.2026 година, ќе ги повлече од промет сите амбалажи на кои е назначено дека се за наградната игра.

10. **Право на приговор:**
Незадоволниот учесник има право на приговор во рок од 3 дена од денот на објавување на добитниците, а Прилепска пиварница АД-Прилеп ќе одговори на приговорот во рок од 5 дена од денот на поднесување на приговорот. Приговорите ќе се разгледуваат само доколку се упатени по писмен пат на адресата на Организаторот ул.„Цане Кузманоски„ бр. 1 Прилеп.

11. **Даночни обврски:**
Сите трошоци за наградната игра ги сноси Прилепска пиварница АД-Прилеп од својот буџет за реклами. Организаторот е одговорен за сите даноци, надоместоци и одговорности поврзани со наградите вклучувајќи го и данок на личен доход. Секој од добитниците ќе добие потврда за добивка со подмирен данок на лиен доход, подготвена и заверена од организаторот на наградната игра.

12. **Собирање, обработување и зачувување на лични податоци:**
Со пополнувањето на пријавата за наградната игра, учесникот во наградната игра изречно се согласува дека организаторот, до отповикување од страна на учесникот, може да прибира, води, чува и обработува збирка собрани лични податоци на наградените и регистрираните корисници, за изведување на наградната игра и известување за наградната игра. Организаторот се обврзува дека

ќе ракува со спомнатите податоци во согласност со позитивните прописи со кои е уредена заштитата на личните податоци. Обработката на личните податоци за цели на директен маркетинг ќе се извршува во целост во согласнот со Законот за заштита на личните податоци, а секој учесник во наградната игра има право во секое време бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг.
Организаторот се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за законски цели при изведување на наградната игра.
Организаторот се обврзува дека ќе ги обработува, чува и уништи податоците во согласност со законодавството со кое е уредена заштитата на личните податоци.
Учесниците во наградната игра се согласуваат нивниот податок телефон и електронска пошта да може да се користи за комуникација како и да може јавно да се објави доколку бидат извлечени.

13. Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик. Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку биде извлечен за некоја од наградите, неговите лични податоци да бидат јавно објавени. Добитниците на главна награда се согласни да биде објавена и нивна фотографија од патувањето. Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку потроши поголема сума на пари.

14. **Разрешување на евентуални спорови**:
Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра надлежен е Основен суд Прилеп.

15. **Завршни одредби:**
Правилата на наградната игра ги пропишува Приредувачот на наградната игра, а истите се применуваат по добиената Дозвола која ја дава Министерството за финансии на РСМ.
Истите ќе важат се до завршувањето на наградната игра.
Со учество во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие Правила.

**Организатор,**
**Прилепска пиварница АД Прилеп**

_____________________